


***Бројот 56 на списанието „Повод, кое е наменето за литература, култура, историја и општествени прашања е издание на Македонското литературно друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј. Ова македонско информативно гласило, чиј*** **главен и одговорен уредник е Душан Ристевски-Македон, ауредниците се Иван Трпоски и Мена Ристевска**

***успешно го промовира македонскиот јазик, литературата, културата и македонската заедница во демократска и мултиетничка Австралија.***

Овогодишниот број 56 за мај 2022 година на списанието *„Повод“* на Македонското литературно друштво *„Григор Прличев“* од Сиднеј е посветен на двете дела *„Методија Андонов-Ченто“* на македонски и на англиски јазик од позната новинарка Фиданка Танаскова, чиј превод на англиски јазик е на Ристо Стефов од Канада. Делата се посветени на страдалникот за обединета Македонија - Методија Андонов – Ченто, македонскиот национален борец, деец и политичар и прв претседател на Президиумот на АСНОМ – Ченто, кој се именува и како прв Претседател на Македонија.

Во воведот на овие дела се вели дека животна драма на Методија Андонов – Ченто во средината на минатиот век долго беше покриена со мистика, со заклучени архиви и тајновит молк. Тоа биле времиња, настани и сценарија, кога некои личности биле директно прозвани и сместени на листите на неподобните и предавниците, други биле спроведувани во занданите; а режисерите на тие настани и драми биле триумфални победници и добитници.

Во период од над триесетина изминати години од објавувањето на книгата насловена како *„Методија Андонов Ченто“,* во издание на Новинско издавачката куќа *„Нова Македонија“* во Скопје, па до оваа 2022 година, кога во Сиднеј делото излезе и на англиски јазик, што беше одамнешна намера и желба, значи, во изминатите три децении вистината излезе на виделина. Конечно беше рехабилитиран првиот претседател на слободна Македонија. Одржан е научен симпозиум за неговиот живот и дело, подигнати се споменици во Скопје и Прилеп, одликуван е со орден на Република Македонија од претседателот на државата, а имаше и други манифестации во чест на претседателот Ченто.

Треба да се потенцира дека едно од позначајните македонски гласила што во Австралија излегуваше подолго време беше списанието *“Повод”.* Тоа е прво македонско списание за литература и култура на овој континент и единствено од ваков вид меѓу иселеништвото. Излегуваше како орган на Македонското литературно друштво *“Григор Прличев”* од Сиднеј, формирано на 31 март 1978 година во Сиднеј.

Првиот број на списанието *“Повод”* излезе на 15 јуни 1978 година на четири страници со формат 30 x 21 см., додека наредните пет броеви со иста форма имаат зголемен број страници чиј број се движи од 12 до 18. Од шестиот број списанието ја менува и формата и квалитетот на хартијата и излегува на 23 страници, на мал формат 22 x 16 см, а неколку броеви се печатени од 28, до 40 страници. Во периодот од околу 14 години се отпечатени 54 броеви.




Душан Ристевски-Македон
ЧЕНТО
Dushan Ristevski- Macedon
CHENTO

[illegible]

